ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Државниот инспекторат за труд

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност сметка на основен буџет 637 за 2020 година

**Цел на ревизијата:**
Дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- отсуство на пишани процедури за системот на внатрешни контроли во процесот на набавки и плаќање;
- не извршување на работните задачи од вработените во обем и начин утврден со актите за систематизација;
- постапките за ЈН се спроведувани само од лицето ангажирано по договор за услуги, за дел од набавките не се спроведени постапки за јавна набавка и нецелосно се применети одредбите од ЗЈН;
- ненавремено сметководствено евидентирање на ново набавените средства и слабости при вршење на попис.

**Издадено мислење/заклучок*:** 🔴🔴
изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
- изготвување на пишани процедури за движењето на финансиската документација и проверка на сметководствените документи за извршени набавки на стоки и услуги;
- вршење на работните задачи од вработените во секторите во обем и начин утврден со актите за систематизација;
- спроведување на постапките за ЈН со учество на сите членови од комисијата и спроведување на постапки согласно ЗЈН.

**Клучни системски слабости:**

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот од страна на в.д. директорот на Државниот инспекторат за труд.

**Одговор на добиени забелешки:**
Забелешката која се однесуваат на точка 3.2.2. алинеја 3, е разгледана и е констатирано дека не е прифатена.

* 🟢 позитивно, 🟡 со резерва, 🔴 неповолно, ⚫ воздржување